РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-500/5
17-12-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител на продолжението на 42-та седница одржана на 14.12.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-4932/1 од 22.10.2019 година оформен по пријава од подносителот ------------------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4932/1 од 22.10.2019 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4932/1 од 22.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот --------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за неправилности поврзани со постапката за избор на извршител по јавен оглас бр.143/2019 во Агенцијата за супервизија на осигурувањето и со донесувањето на Одлуката за избор на три извршители по јавниот оглас бр. 143/2019 донесена на 01.10.2019 година, спротивно на законските одредби за избор на најдобро рангиран кандидат во постапката за вработување по спроведена транспарентна, фер и конкурентна постапка за селекција на кандидати. Во пријавата се наведува дека подносителот по спроведувањето на сите фази на селекцијата бил прворангиран кандидат на кончената ранг листа за работното место Советник за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, освоил 81, 01 бодови, но и покрај тоа била донесена Одлука со која за извршител на работното место било избрано друго лице. Во пријавата се наведува дека конечната ранг листа од сите фази на селекцијата на кандидатите за административен службеник по огласот број 143/2019 била тргната од веб страницата на Агенцијата за администрација на денот на објавувањето на одлуката за избор, и се криела за време додека тече рокот за жалба, подносителот посочува на сомневање за учество на Агенцијата за администрација во сторени неправилности и незаконитости во

спроведување на изборот на извршителот за работното место за кое конкурирал подносителот на пријавата. На 02.10.2019 година од страна на подносителот била побара ранглистата да му се достави, но на неговото барање не било одговорено.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-500/1 од 24.01.2020 година со кое побара од Агенцијата за супервизија на осигурување на РСМ да достави целосна информација со образложение за причините за необјавување на конечната ранг листа од сите фази на селекцијата на кандидатите за административен службеник по јавниот оглас бр. 143/2019 на денот на објавување на Одлуката за избор на три извршители по јавен оглас бр. 143/2019 со број 02-671/1 од 01.10.2019 год, вклучително и за времетраење на рокот за поднесување на жалба против донесената Одлука за избор, како и образложение за изборот на секој од кандидатите наведени во Одлуката за избор на три извршители по јавен оглас бр. 143/2019 со број 02-671/1 од 01.10.2019 год, со наведување на освоените бодови на секој од избраните кандидати од сите фази на селекцијата со прилог Конечната ранг листа на кандидатите (со наведување на имињата и презимињата на кандидатите) за сите работни места наведени во огласот број 143/2019.

Од Агенцијата за супервизија на осигурување на РСМ во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

По разгледување на прибавениот одговор, со цел прибавување на дополнителни информации ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-500/3 од 19.02.2020 година до Агенцијата за администрација со кое побара Агенцијата за администрација на РСМ во рамките на своите законски надлежности да достави целосна информација со образложение во врска со постапката што се водела во Агенцијата по поднесената жалба од кандидатот ------------------ против Одлуката за избор на 3 (три) извршители по јавен оглас бр. 143/2019, донесена на 01.10.2019 година од Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, со доставување на донесената Одлука од страна на Агенцијата за администрација во оваа постапка. Во законски утврдениот рок беше доставен бараниот одговор од Агенцијата.

По разгледување на наводите во пријавата и прибавените податоци од другите надлежни институции, ДКСК го утврди следното

- На ден 27.08.2019 година бил објавен јавен оглас со број 143/2019 за вработување на три административни службеници во Агенцијата за супервизија на осигурување. Видно од јавниот оглас за работното место со број 1 – АСО 01 01 В01 012- Советник за работи непосредно со Советот на експерти во Дирекцијата за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, предвидено е вработување на 1 (еден) извршител.
- На ден 02.09.2019 година со Решение број 10-1417/3 е формирана Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас, која спровела административна селекција на кандидатите за што е изработен Записник од извршена административна селекција со број 10-1417/4 од 16.09.2019 година. По извршената селекција биле спроведени две фази од постапката за селекција за вработување, испит за административен службеник и проверка на веродостојност на доказите и интервју за што биле изработени Записници. Комисијата за селекција изготвила ранг листа на кандидатите кои успешно ги

поминале фазите на постапката за селекција, по што изготвила и предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 143/2019. Врз основа на Предлогот за вработување по јавен оглас број 143/2019 број 1417/7 од 01.10.2019 година Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето донел Одлука за избор на три извршители со која за извршител за работното место бил избран кандидатот -----------------------. Незадоволен од донесената одлука подносителот на пријавата поднел жалба против споменатата Одлука наведувајќи дека со донесувањето на донесената одлука е повредено уставно загарантираното право за достапност на секое работно место под еднакви услови и дека ограничувањето на правата води кон дискриминација. По поднесената жалба Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, постапувала и донесла Одлука со број 09-526/6 од 16.10.2019 година во која жалбата на подносителот ------------------- изјавена против Одлуката за избор на три извршители по јавен оглас бр. 143/2019 број 02-671/1 од 01.10.2019 година донесена од Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето била одбиена како неоснована со образложение дека избраниот кандидат е најдобар рангиран кандидат со припадност на заедница Албанец (ка) која припадност на заедница се барал во конкретниот јавен оглас, а согласно Годишниот план на институцијата. Исто така Комисијата констатирала дека постапката за селекција за вработување е водена во согласност со позитивните законски прописи. По однос на жалбените наводи за кршење на уставно загарантираното право за достапност на секое работно место под еднакви услови, Комисијата го упатила жалителот дека согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација да се обрати до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

- Од увидот во прибавената документација/хартиена верзија од електронската Пријава за вработување на административни службеници на избраниот кандидат ------------------- од која меѓудругото се утврди дека ова лице во рубриката "Припадност на заедницата" се изјаснила за Албанец (ка).

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека постапиле други надлежни органи (Агенцијата за супервизија на осигурување на РСМ и Агенцијата за администрација) кои во рамките на своите надлежности преземале процесни дејствија согласно закон и донеле конкретна одлука врз основа на закон, поради што ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**